CROATIA®
осигурување/живот

Друштво за Осигурување на Живот Генерална Дирекција
КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД
Ул. Костурски херои бр. 38, 1000 Скопје
Т +389 2 3215 083
Ф +389 2 3215 061
www.cro.mk

На седница на Одбор на Директори оддржана на ден 19.10.2018 година, Одборот на Директори донесе Одлука број 02-4564/1 за усвојување на  нови променети услови за осигурување на живот во случај на смрт на корисник на кредит (0518) и услови за осигурување на живот во случај на смрт на корисник на кредит (0519). Со усвојувањето на променетите услови број 0518 и 0519 престануваат да важат условите број 0518 кои биле во примена од 01.01.2016 година и 0519 кои биле во примена од 01.06.2017 година. Со донесување на Одлуката број 02/4564/1 од 19.10.2018 година условите за осигурување на живот во случај на смрт на корисник на кредит 0520 и услови за осигурување на живот во случај на смрт на корисник на кредит 0521 се укинуваат.

## ПРОМЕНА НА УСЛОВИ:
## УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА КОРИСНИК НА КРЕДИТ 0518

### Член 1 од Условите 0518 се менува и гласи:

(1) “ Овие Посебни  услови за осигурување на живот во случај на смрт на корисникот на кредит (во понатамосниот текст: Услови) се составен и неразделен дел од договорот за осигурување на живот само во случај на смрт на корисникот на кредит кој Договорувачот го склучува со КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ – АД Друштво за осигурување на Живот (во понатамошниот текст: осигурувач).

(2) Посебни поими кои се користат во овие Услови го имаат следното значење:

- **Осигурувач** е Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот Скопје
- **Договорувач** е лице кое склучува договор со осигурувачот за осигурување на живот во случај на смрт на осигуреникот и кое се обврзува да врши уплата на премија. Ако се склучува осигурување на живот за две лица, договорувач на осигурувањето мора да биде еден од осигурениците;
- **Осигуреник** е лицето во случај на чија смрт се склучува осигурувањето, а кое во свое име и за своја сметка склучува со банката договор за кредит,
- **Корисник** на осигурувањето е банката која на осигуреникот му одобрила кредит и тоа до преостанатиот износ на неисплатениот дел на главницата и соодветните камати, а над тој износ до висината на осигурената сума корисник на осигурувањето е лицето одредено за корисник;
- **Полиса** е исправа за склучено осигурување,
- **Осигурена сума** е најголемиот износ со кој осигурувачот е обврзан кога ќе настане смрт на осигуреникот во текот на траењето на осигурувањето.
- **Премија на осигурувањето** е износ што договорувачот е должен да му го плати на осигурувачот врз основа на договорот за осигурување на живот.
- **Математичка резерва** е техничка резерва која се издвојува и пресметува и претставува разлика помеѓу обврските на осигурувачот и обврските на договорувачот во одредена година од времетраење на осигурувањето.

(3) Со договорот за осигурување на живот склучен по овие Услови договорувачот се обврзува на осигурувачот да му ја уплати премијата за осигурувањето во договорените рокови, а осигурувачот

се обврзува, со настанувањето на осигурениот случај, да му ја исплати на корисникот осигурената сума, односно нејзиниот дел.

(4) Покрај осигурување на живот по овие Посебни услови можат да се договорат и дополнителни осигурувања, според дополнителните услови на осигурувачот.

(5) Со договорот за осигурување се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорувачот, осигуреникот, корисникот и осигурувачот. Составен и неразделен дел на договорот за осигурување на живот се понудата, полисата, овие Услови за осигурување.

(6) Ако со осигурување на живот се договори и дополнително осигурување, составен дел на договорот се и дополнителните услови на осигурувачот за соодветното дополнително осигурување.

(7) По овие Посебни услови мозат да се осигураат здрави лица од навршени 18 (осумнаесет) години на живот и тоа од прввиот ден на месецот кој следи по месецот во кој осигуреникот стекнал право на осигурување на својот живот, па сè до завршувањето на календарската година во која осигуреното лице навршило 65 (шеесетипет) години на живот. Осигурувањето треба да заврши во календарската година во која осигуреникот ке наврши 75 години старост.

(8) Сите понуди, изјави, барања и измени од било која договорена страна мора да биде во писмена форма."

**Член 4 став (1) од Условите 0518 се менува и гласи:**

(1) " Со договорот за осигурување на живот во случај на смрт на корисник на кредит или ако е договорено осигурување на живот за две лица, во случај на смрт на едниот осигуреник или истовремена смрт на двајцата осигуреници, осигурувачот има обврска да исплати осигурена сума односно нејзин дел:

1. Доколку осигурувањето е склучено без лекарски преглед се исплаќа 50% од осигурената сума во случај на смрт на осигуреникот во првите шест месеци од траењето на осигурувањето;
2. Доколку осигурувањето е склучено со лекарски преглед осигурувачот има обврска да ја исплати целата осигурена сума без разлика колку траело осигурувањето;

"

**Член 6 Условите 0518 се менува и гласи:**

**"Член 6.**

(1) Договорувачот односно осигуреникот се обврзани со склучување на договорот за осигурување да ги пријават сите околности кои се од значење за оценка на ризикот, а кои му се познати или не можеле да му останат непознати.

(2) Договорувачот е должен, на барање на осигурувачот, да ги обезбеди сите потребни податоци кои се однесуваат на осигуреникот.

(3) Договорувачот, како и самиот осигуреник, должни се за време на траењето на осигурувањето да го известат осигурувачот за секоја промена на околностите која може да биде од значење за оценка на ризикот и кои се битни за договореното осигурување, особено ако осигуреникот за време на осигурувањето ја промени професијата, занимањето или започне да се занимава со некои од спортовите односно дејностите за кои осигурувачот пресметува доплатна премија.

**(4)** Договорувачот е должен писмено да го извести Осигурувачот во случај на промена на адресата во полисата за осигурување на живот, како и за промена на адресата на електонското сандаче, пријавена од договорувачот, најдоцна во рок од 5(пет) дена од денот на извршената промена.

(5) (2)Договорувачот е должен да го писмено извести Осигурувачот за секоја промена на адресата и местото на плаќање на премијата најдоцна во рок од 3(три) дена од извршената промена, во спротивно Осигурувачот го задржува правото сите писма да ги испраќа на последната пријавена адреса од Договорувачот, и сите последици од испратените писма на последната пријавена адреса од Договорувачот се сметаат за уредно доставени.

(6) (3)Доколку Договорувачот, кај Осигурувачот достави адреса на електронско сандаче, Осигурувачот може да ги доставува писмената наменети за Договорувачот на наведената адреса на електронско сандаче.

(7) Ако договорот за осигурување, вклучувајќи го и осигурувањето на два животи, се склучува во име или за сметка на друг или во корист на трет или за туѓа сметка или за сметка на оној на кој се однесува, одредбите на ова поглавје и на поглавје V од овие Посебни услови се однесуваат и на тоа лице, ако знаело дека податоците кои се нужни за оцена на ризикот се непотполни или неточни.”

## Член 10 Условите 0518 се менува и гласи:

**“Член 10.**

(1) Висината на осигурената сума и премија спогодбено ја утврдуваат договорувачот и осигурувачот зависно од висината на кредитот кој банката – кредиторот го одобрува на осигуреникот. Осигурената сума и премијата се договараат во евра или денари врз основа на податоците на понудата, пристапната старост на осигуреникот, полот, професијата, занимањето, занимавање со спорт, време траење на осигурувањето и начинот и роковите на плаќање на премијата.

(2) По правило осигурената сума се договара во висина на износот на кредитот и каматата, одобрени од банката – кредиторот. Договорената премија се плаќа во денари по однапред договорени рокови. Доколку е договорена премија во евра уплатата се врши во денари според среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата. Осигурената сума се исплаќа во денари. Доколку осигурената сума е договорена во евра исплатата се врши во денари според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на исплата.

(3) Ако е договорено под-годишно плаќање на премијата, осигурувачот пресметува дополнителен надомест за под-годишно плаќање на секоја рата на премијата.”

## Член 11 Условите 0518 се менува и гласи:

**“Член 11.**

(1) Договорувачот е должен да ја плаќа премијата во договорените рокови и на договорениот

начин, а осигурувачот е должен да ја прими премијата од секое лице кое има правен интерес премијата да биде платена.

(2) Се смета дека премијата е платена на осигурувачот оној ден кој е наведен на потврдата за плаќање. “

**Се додава нов член VII. ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА НА ОСИГУРУВАЊЕТО, кој станува член 12:**

**„VII. ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА НА ОСИГУРУВАЊЕТО**

**Член 12**

(1) Ако договорувачот не ја плати премијата ниту 5 (пет) месеци по достасувањето, осигурувачот ке го повика со препорачано писмо да ја плати достасаната премија во рок од 30 (триесет) дена од денот на врачувањето на препорачаното писмо.

(2) Ако во рокот утврден со препорачаното писмо од став (1) на овој член достасаната премија не ја плати договорувачот ниту тоа го направи некое друго заинтересирано лице, осигурувачот може:

1. со изјава да го раскине договорот и во тој случај дотогаш уплатената премија не му се враќа на договорувачот, или
2. доколку премијата за осигурување на живот е платена еднократно и се договорени дополнителни осигурувања да му изјави на договорувачот дека ги исклучува дополнителните осигурувања.

(3) Ако осигурениот случај настанал пред раскинувањето на договорот, а се исполнети претпоставките за раскин на договор се смета дека договорот е раскинат.

(4) Како исклучок, ако осигуреникот почине пред истекот на 6 (шест) месеци од уплатата на последната премија, осигурувачот е должен да ја исплати осигурената сума согласно со одредбите на член 4 и 5 на овие Посебни услови, намалена за неплатената премија по полисата за осигурителната година во која настапила смрт на осигуреникот.

(5) Во случај на промена на адреса наведена во полисата за осигурување на живот, Договорувачот е должен да го извести Осигурувачот, во рок од 5 дена од денот на промената.

(6) Доколку Договорувачот, кај Осигурувачот достави адреса на електронско сандаче, Осигурувачот може да ги доставува известувањата наменети за Договорувачот на наведената адреса на електронско сандаче.

(7) Во случај на промена на адресата на електронско сандаче наведена од Договорувачот, истиот е должен да го извести Осигурувачот, во рок од 5 дена од денот на промената.”

CROATIA®
осигурување/живот

Друштво за Осигурување на Живот Генерална Дирекција
КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД
Ул. Костурски херои бр. 38, 1000 Скопје
Т +389 2 3215 083
Ф +389 2 3215 061
www.cro.mk

**Се додавање на нов член VII. ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА НА ОСИГУРУВАЊЕТО, кој станува член 12 се менува редниот број на сите наредни членови.**

**Член 13 станува член 14 од Уловите 0518, се менува и гласи:**

**"Член 14**.

(1) Кога ке се случи осигурен случај корисникот/ банката/ кредиторот до осигурувачот поднесува писмено барање во рок од 7 дена со кое ја прилозува и полисата за осигурување во оригинал.
(2) Со барањето задолжително се приложува и извод од матична книга на умрени и медицинска документација и други исправи со кои се утврдуваат фактите за причините за смртта на осигуреникот, решение за наследување ако како корисници на полисата се наведени законските наследници, доказ за сродство ако корисникот не е одреден со именување..
(3) Осигурувачот има право да бара и други материјални докази потребни за утврдување на правото за исплата на осигурена сума."

**Член 16 станува член 17 од Условите 0518, се менува и гласи:**

**"Член 17**

(1) Договорувачот е должен на осигурувачот однапред да му плати надомест за сите услуги кои посебно ги бара од осигурувачот за времетраење и по истекот на осигурувањето во висина која ја определува и ќе ја побара осигурувачот.
(2) Договорувачот се обврзува, заедно со договорената премија, да ги плати и сите надоместоци и даноци предвидени со важечките прописите."

**Член 17 станува член 18 од Условите 0518 се менува и гласи:**

"Член 18

(1) Страните се согласни дека сите спорови што ке произлезат од Договорот за осигурување, ке се обидат да ги решаваат на мирен начин.
(2) Договорувачот и осигуреникот, како и други лица на кои се однесува осигурувањето, се обврзуваат дека неодложно во писмена форма ке го известат осигурувачот за сите спорни прашања, приговори и недоразбирања кои се однесуваат на Договорот за осигурување на живот.
(3) Приговорите од ст.(2) на овој член осигурувачот ке ги проследи до Комисија за решавање на претставки на друштвото, која е должна во однос на истите да одлучи и писмено да се произнесе во рок од 30 (триесет) дена од приемот на приговорот.
(4) Во случаите кога договорувачот, договорувачот и корисникот на осигурувањето сметаат дека осигурувачот на осигурување не се придржува кон одредбите од Договорот за осигурување, можат да поднесат претставка до органот надлежен за вршење на надзор на осигурувачот-Агенција за супервизија на осигурување."

**Член 20 станува член 21 од Условите 0518 се менува и гласи:**

**Член 21**

"Побарувањата од договорот за осигурување на живот застаруваат во согласност со одредбите од Законот за облигациони односи."

**Член 21 станува член 22 од Условите 0518 се менува и гласи:**

**Член 22**

"За регулирање на сите односи, права и обврски помеѓу осигурувачот, осигуреникот, договорувачот, корисникот и другите лица на кои се однесува осигурувањето на живот, а не се уредени со овие Посебни услови, се применуваат одредбите на Општите услови за осигурување на живот на осигурувачот и одредбите на Законот за облигационите односи и позитивните законски норми."

**Се додава член 23 од Условите 0518 кој гласи:**

**Член 23**

"Овие услови влегуваат во сила од и ќе се применуваат од 01 Ноември 2018 година."

## ПРОМЕНА НА УСЛОВИ:
## УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА КОРИСНИК НА КРЕДИТ 0519

### Член 1 од Условите 0519 се менува и гласи:

(9) **"** Овие Посебни услови за осигурување на живот во случај на смрт на корисникот на кредит (во понатамосниот текст: Услови) се составен и неразделен дел од договорот за осигурување на живот само во случај на смрт на корисникот на кредит кој Договорувачот го склучува со КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ – АД Друштво за осигурување на Живот (во понатамошниот текст: осигурувач).

(10)Посебни поими кои се користат во овие Услови го имаат следното значење:

- **Осигурувач** е Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот Скопје
- **Договорувач** е лице кое склучува договор со осигурувачот за осигурување на живот во случај на смрт на осигуреникот и кое се обврзува да врши уплата на премија. Ако се склучува осигурување на живот за две лица, договорувач на осигурувањето мора да биде еден од осигурениците;
- **Осигуреник** е лицето во случај на чија смрт се склучува осигурувањето, а кое во свое име и за своја сметка склучува со банката договор за кредит,
- **Корисник** на осигурувањето е банката која на осигуреникот му одобрила кредит и тоа до преостанатиот износ на неисплатениот дел на главницата и соодветните камати, а над тој износ до висината на осигурената сума корисник на осигурувањето е лицето одредено за корисник;

- **Полиса** е исправа за склучено осигурување,
- **Осигурена сума** е најголемиот износ со кој осигурувачот е обврзан кога ке настане смрт на осигуреникот во текот на траењето на осигурувањето.
- **Премија на осигурувањето** е износ што договорувачот е должен да му го плати на осигурувачот врз основа на договорот за осигурување на живот.
- **Математичка резерва** е техничка резерва која се издвојува и пресметува и претставува разлика помеѓу обврските на осигурувачот и обврските на договорувачот во одредена година од времетраење на осигурувањето.

(11)Со договорот за осигурување на живот склучен по овие Услови договорувачот се обврзува на осигурувачот да му ја уплати премијата за осигурувањето во договорените рокови, а осигурувачот се обврзува, со настанувањето на осигурениот случај, да му ја исплати на корисникот осигурената сума, односно нејзиниот дел.

(12) Покрај осигурување на живот по овие Посебни услови можат да се договорат и дополнителни осигурувања, според дополнителните услови на осигурувачот.

(13)Со договорот за осигурување се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорувачот, осигуреникот, корисникот и осигурувачот. Составен и неразделен дел на договорот за осигурување на живот се понудата, полисата, овие Услови за осигурување.

(14)Ако со осигурување на живот се договори и дополнително осигурување, составен дел на договорот се и дополнителните услови на осигурувачот за соодветното дополнително осигурување.

(15) По овие Посебни услови мозат да се осигураат здрави лица од наврherшени 18 (осумнаесет) години на живот и тоа од првиот ден на месецот кој следи по месецот во кој осигуреникот стекнал право на осигурување на својот живот, па сѐ до завршувањето на календарската година во која осигуреното лице навршило 65 (шеесетипет) години на живот. Осигурувањето треба да заврши во календарската година во која осигуреникот ке наврши 75 години старост.

(16)Сите понуди, изјави, барања и измени од било која договорена страна мора да биде во писмена форма.”

**Член 3 став (4) од Условите 0519 се брише.**

**Член 4 став (1) од Условите 0519 се менува и гласи:**

“ Со договорот за осигурување на живот во случај на смрт на корисник на кредит или ако е договорено осигурување на живот за две лица, во случај на смрт на едниот осигуреник или истовремена смрт на двајцата осигуреници, осигурувачот има обврска да исплати цела осигурена сума.”

**Член 6 Условите 0519 се менува и гласи:**

“ **Член 6.**

(8) Договорувачот односно осигуреникот се обврзани со склучување на договорот за осигурување да ги пријават сите околности кои се од значење за оценка на ризикот, а кои му се познати или не можеле да му останат непознати.

(9) Договорувачот е должен, на барање на осигурувачот, да ги обезбеди сите потребни податоци

кои се однесуваат на осигуреникот.

(10)Договорувачот, како и самиот осигуреник, должни се за време на траењето на осигурувањето да го известат осигурувачот за секоја промена на околностите која може да биде од значење за оценка на ризикот и кои се битни за договореното осигурување, особено ако осигуреникот за време на осигурувањето ја промени професијата, занимањето или започне да се занимава со некои од спортовите односно дејностите за кои осигурувачот пресметува доплатна премија.

**(11)** Договорувачот е должен писмено да го извести Осигурувачот во случај на промена на адресата во полисата за осигурување на живот, како и за промена на адресата на електонското сандаче, пријавена од договорувачот, најдоцна во рок од 5(пет) дена од денот на извршената промена.

(12)Договорувачот е должен да го писмено извести Осигурувачот за секоја промена на адресата и местото на плаќање на премијата најдоцна во рок од 3(три) дена од извршената промена, во спротивно Осигурувачот го задржува правото сите писмена да ги испраќа на последната пријавена адреса од Договорувачот, и сите последици од испратените писмена на последната пријавена адреса од Договорувачот се сметаат за уредно доставени.

(13)Доколку Договорувачот, кај Осигурувачот достави адреса на електронско сандаче, Осигурувачот може да ги доставува писмената наменети за Договорувачот на наведената адреса на електронско сандаче.

(14) Ако договорот за осигурување, вклучувајки го и осигурувањето на два животи, се склучува во име или за сметка на друг или во корист на трет или за туѓа сметка или за сметка на оној на кој се однесува, одредбите на ова поглавје и на поглавје V од овие Посебни услови се однесуваат и на тоа лице, ако знаело дека податоците кои се нужни за оцена на ризикот се непотполни или неточни.”

**Член 10 Условите 0519 се менува и гласи:**

**“Член 10.**

(4) Висината на осигурената сума и премија спогодбено ја утврдуваат договорувачот и осигурувачот зависно од висината на кредитот кој банката – кредиторот го одобрува на осигуреникот. Осигурената сума и премијата се договараат во евра или денари врз основа на податоците на понудата, пристапната старост на осигуреникот, полот, професијата, занимањето, занимавање со спорт, време траење на осигурувањето и начинот и роковите на плаќање на премијата.

(5) По правило осигурената сума се договара во висина на износот на кредитот и каматата, одобрени од банката – кредиторот. Договорената премија се плаќа во денари по однапред договорени рокови. Доколку е договорена премија во евра уплатата се врши во денари според среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата. Осигурената сума се исплаќа во денари. Доколку осигурената сума е договорена во евра исплатата се врши во денари според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на исплата.

(6) Ако е договорено под-годишно плаќање на премијата, осигурувачот пресметува дополнителен

надомест за под-годишно плаќање на секоја рата на премијата.”

**Член 11 Условите 0519 се менува и гласи:**

**“Член 11.**

(3) Договорувачот е должен да ја плаќа премијата во договорените рокови и на договорениот начин, а осигурувачот е должен да ја прими премијата од секое лице кое има правен интерес премијата да биде платена.

(4) Се смета дека премијата е платена на осигурувачот оној ден кој е наведен на потврдата за плаќање. “

**Се додава нов член VII. ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА НА ОСИГУРУВАЊЕТО, кој станува член 12:**

**„Член 12**

(1) Ако договорувачот не ја плати премијата ниту 5 (пет) месеци по достасувањето, осигурувачот ќе го повика со препорачано писмо да ја плати достасаната премија во рок од 30 (триесет) дена од денот на врачувањето на препорачаното писмо.

(2) Ако во рокот утврден со препорачаното писмо од став (1) на овој член достасаната премија не ја плати договорувачот ниту тоа го направи некое друго заинтересирано лице, осигурувачот може:

1. со изјава да го раскине договорот и во тој случај дотогаш уплатената премија не му се враќа на договорувачот, или
2. доколку премијата за осигурување на живот е платена еднократно и се договорени дополнителни осигурувања да му изјави на договорувачот дека ги исклучува дополнителните осигурувања.

(3) Ако осигурениот случај настанал пред раскинувањето на договорот, а се исполнети претпоставките за раскин на договор се смета дека договорот е раскинат.

(4) Како исклучок, ако осигуреникот почине пред истекот на 6 (шест) месеци од уплатата на последната премија, осигурувачот е должен да ја исплати осигурената сума согласно со одредбите на член 4 и 5 на овие Посебни услови, намалена за неплатената премија по полисата за осигурителната година во која настапила смрт на осигуреникот.

(5) Во случај на промена на адреса наведена во полисата за осигурување на живот, Договорувачот е должен да го извести Осигурувачот, во рок од 5 дена од денот на промената.

(6) Доколку Договорувачот, кај Осигурувачот достави адреса на електронско сандаче, Осигурувачот може да ги доставува известувањата наменети за Договорувачот на наведената адреса на електронско сандаче.

(7) Во случај на промена на адресата на електронско сандаче наведена од Договорувачот, истиот е должен да го извести Осигурувачот, во рок од 5 дена од денот на промената.”

Друштво за Осигурување на Живот Генерална Дирекција
КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД
Ул. Костурски херои бр. 38, 1000 Скопје
Т +389 2 3215 083
Ф +389 2 3215 061
www.cro.mk

**Се додавање на нов член VII. ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА НА ОСИГУРУВАЊЕТО, кој станува член 12 се менува редниот број на сите наредни членови.**

**Член 13 станува член 14 од Уловите 0518, се менува и гласи:**

**"Член 14**.

(4) Кога ке се случи осигурен случај корисникот/ банката/ кредиторот до осигурувачот поднесува писмено барање во рок од 7 дена со кое ја прилозува и полисата за осигурување во оригинал.

(5) Со барањето задолжително се приложува и извод од матична книга на умрени и медицинска документација и други исправи со кои се утврдуваат фактите за причините за смртта на осигуреникот, решение за наследување ако како корисници на полисата се наведени законските наследници, доказ за сродство ако корисникот не е одреден со именување..

(6) Осигурувачот има право да бара и други материјални докази потребни за утврдување на правото за исплата на осигурена сума."

**Член 16 станува член 17 од Условите 0518, се менува и гласи:**

**"Член 17**

(3) Договорувачот е должен на осигурувачот однапред да му плати надомест за сите услуги кои посебно ги бара од осигурувачот за времетраење и по истекот на осигурувањето во висина која ја определува и ќе ја побара осигурувачот.

(4) Договорувачот се обврзува, заедно со договорената премија, да ги плати и сите надоместоци и даноци предвидени со важечките прописите."

**Член 17 станува член 18 од Условите 0518 се менува и гласи:**

"Член 18

(5) Страните се согласни дека сите спорови што ке произлезат од Договорот за осигурување, ке се обидат да ги решаваат на мирен начин.

(6) Договорувачот и осигуреникот, како и други лица на кои се однесува осигурувањето, се обврзуваат дека неодложно во писмена форма ке го известат осигурувачот за сите спорни прашања, приговори и недоразбирања кои се однесуваат на Договорот за осигурување на живот.

(7) Приговорите од ст.(2) на овој член осигурувачот ке ги проследи до Комисија за решавање на претставки на друштвото, која е должна во однос на истите да одлучи и писмено да се произнесе во рок од 30 (триесет) дена од приемот на приговорот.

(8) Во случаите кога договорувачот, договорувачот и корисникот на осигурувањето сметаат дека осигурувачот на осигурување не се придржува кон одредбите од Договорот за осигурување, можат да поднесат претставка до органот надлежен за вршење на надзор на осигурувачот- Агенција за супервизија на осигурување."

**Член 20 станува член 21 од Условите 0519 се менува и гласи:**

МБ: 5920922 ЕДБ: 4030004526504 IBAN: MK 07 200 0010746483 45 SWIFT CODE: STOBMK2X
Жиро-сметки: НЛБ Банка АД Скопје: 210-0592092201-81, Шпаркасе Банка АД Скопје: 250-0010022500-89, Стопанска Банка АД Скопје: 200-001074639421, Охридска Банка: 530-0101009976-91, Комерцијална Банка АД Скопје: 300-0000021508-17, Силк Роуд Банка АД Скопје: 280-100104614270, Стопанска Банка АД Битола: 500-0000007877-64, Еуростандард Банка АД Скопје:370016010053534, Халкбанк АД Скопје: 270000001091331, ПроКредит Банка: 380-1-065126-011-54, Уни Банка АД Скопје: 240020000325172, Централна Кооперативна банка АД Скопје: 320100005031682.

CROATIA®
осигурување/живот

Друштво за Осигурување на Живот Генерална Дирекција
КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД
Ул. Костурски херои бр. 38, 1000 Скопје
Т +389 2 3215 083
Ф +389 2 3215 061
www.cro.mk

**Член 21**

"Побарувањата од договорот за осигурување на живот застаруваат во согласност со одредбите од Законот за облигациони односи."

**Член 21 станува член 22 од Условите 0519 се менува и гласи:**

**Член 22**

"За регулирање на сите односи, права и обврски помеѓу осигурувачот, осигуреникот, договорувачот, корисникот и другите лица на кои се однесува осигурувањето на живот, а не се уредени со овие Посебни услови, се применуваат одредбите на Општите услови за осигурување на живот на осигурувачот и одредбите на Законот за облигационите односи и позитивните законски норми."

**Се додава член 23 од Условите 0519 кој гласи:**

**Член 23**

"Овие услови влегуваат во сила од и ќе се применуваат од 01 Ноември 2018 година."